РЕПУБЛИКА ... МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ...
Бр. 15-284/1
07.02.20 20 год.
Радовиш

Врз основа на Одлуката за распишување оглас за распределба на линии за вршење на линиски превоз на патници во општина Радовиш број 08-388/1 од 11.02.2015 год.

Комисијата за јавна безбедност,безбедност во сообраќајот и противпожарната заштита при Советот на општина Радовиш, распишува

# ОГЛАС
## за прибирање на понуди за доделување на линии за вршење на општински линиски превоз на патници во општина Радовиш

I. За превоз на граѓаните од општина Радовиш се објавува оглас за доделување на следните линии за правните и физичките лицатрговец поединец регистрирани за вршење на оваа дејност:

1. с.Злеово-Радовиш и обратно
1. с.Калугерица- с.Сулдурци - Радовиш и обратно
2. с.Ињево-Радовиш и обратно
3. с.Тополница-Дамјан-Радовиш и обратно
4. с.Бучим-Радовиш и обратно
5. с.Супурге-Радовиш и обратно
6. с.Парналија-Радовиш и обратно
7. с.Коџалија-Радовиш и обратно
8. с.Аликоч-Радовиш и обратно
10. с.Калаузлија-Радовиш и обратно
11. Раклиш-Радовиш и обартно
12. с.Ораовица-Радовиш и обратно
13. с.Подареш-Радовиш и обратно
14. с.Јаргулица-Радовиш и обратно
15. с.Покрајчево-Радовиш и обратно
16. Радовиш -Плачковица-шумска кукичка-Хотел Бел Камен и обратно

II. Услови :

Подносителите на понудите за учество во доделување на линиите за вршење на општински линиски превоз на патници, покрај општите услови предвидени со Законот за превоз во патниот сообраќај ( Сл.весник на РМ бр. 68/04 и измени) и Одлука за општински линиски превоз на патници ( Сл. гласник на општина Радовиш бр. 7/2014 ), треба да ги исполнат следните услови

1. Да е впишан во Централниот регистар со регистрирано седиштен а територија на државата и да има регистрирано приоритетна дејност/ главна приходна шифра-вршење на превоз на патници;
2. Да е сопственик на две или повеќе регистрирани возила или да има договор за финансиски лизинг на возила со најмалку 8+1 седиште, освен за релација с.Калуѓерица-с.Сулдурци-Радовиш и обратно за која е потребно возила со најмалку

16+1 седиште, што ги исполнуваат псебните техничко-експлоатациони услови пропишани за возила за вршење на општински линиски превоз на патници
3. Да има вработено во редовен работен однос возачи во зависност од бројот на моторните возила, минимум еден возач по моторно возило што ги исполнуваат условите пропишани со прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата.
4. Управителот или од него овластено лице одговорно за превоз да има сертификат за професионална компетентност на лице одговорно за превоз.

III. Понудата на подносителот за учество во доделување на линиите задолжително треба да содржи:

1. Назив и адреса на понудувачот и назначување на линиите кои превозникот сака да ги одржува со предложен возен ред и цена на возниот билет за еден правец;
2. Тековна состојба издадена од Централен регистар во оригинал не постара од шест месеци;
3. Лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници и извод од лиценца за секое возило одделно (фотокопија);
4. Потврда за исполнување на посебните техничко-експлоатациони услови за вршење линиски превоз на патници за секое возило одделно од Станицата за технички преглед на моторни возила;
5. Копии од М1/М2 образец на вработените возачи и возачки дозволи со минимум возачко искуство од 2 години и лекарско уверение за возач ( бројот на возачите, зависно од бројот на возилата со кои ќе се врши превозот)
6. Копија од сертификат за професионална компетентност на лице одговорно за превоз (управителот или од него овластено лице);
7. Копија од Дозвола за вршење општински линиски превоз со регистриран возен ред издаден од градоначалникот на Општина Радовиш со кое досега е одржувана линијата (ако поседува);
8. Изјава дека ќе почне да ја/ги одржува линиите од 22.04.2020 година;
9. Потврда од надлежен Суд дека не е во сила правосилна пресуда за кривично дело против имотот, стопанството, јавните финансии, вработување и социјална сигурност, општата сигурност на луќето, трговија со дрога или луѓе и од областа на безбедноста во јавниот сообраќај со казна затвор од една до 10 години (за правното лице и одговорното лице во правното лице освен за новорегистрирано правно лице-помалку од 6 (шест месеци);
10. Извод од платени придонеси за последните 3 (три) месеци;

Оние превозници кои **немаат** лиценца за вршење општински линиски превоз на патници освен погоре наведените документи кон пријавата **треба да ги достават и следните документи:**

1. Копии од сообраќајните дозволи регистрирани на име на правното лице со капацитет од 8+1 седиште или договорот за финансиски лизинг, заверени кај нотар за најмалку 2 (две) возила;
2. Список на вработени по обврзник од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување - не постаро од 60 дена;
3. Копија од Потврда од надлежен суд дека не е изречена прекршочна мерка на безбедност-забрана за вршење професија, дејност или должност со казна од 1 до 10

години за време на извршување на казната (за правното лице и одговорното лице во правното лице освен за новорегистрирано правно лице-помалку од 6 (шест месеци);

4. Копија од уплатница за платена административна такса за вршење на општински линиски превоз во износ од 6 000,00 ден на ж-сметка 100000000063095 на уплатна сметка 840-158-03182, на приходна шифра 722315-00-2 , Трезорска сметка, Народна банка на Р.Македонија;

IV. Доколку се јават повеќе заинтересирани превозници за вршење превоз, правото му се дава на оној превозник кој ќе понуди поповолни услови за одржување на линии утврдени во огласот.

V. На документите во копија, на секоја страна треба да има печат од правното лице, потпис на одговорното лице и забелешка „верно на оригиналот,, .

VI.Понудите со пропратна документација, доказите за потребните услови да се достават во запечатени пликови до архивата на општина Радовиш на бул.„Александар Македонски„ бр. 2 Радовиш.

Пликот со понудата задолжително треба да има ознака "пријава **по оглас за доделување на линии во општинскиот линиски превоз** со назнака "**за комисијата".**

VII. Огласот трае 8 (осум) работни дена од денот на објавувањето во информативните средства, огласната табла во просториите на општина Радовиш и веб страната на општината од 10.02.2020 г. заклучно со 19.02.2020 година.

VIII. Некомплетираните понуди и понудите доставени по определениот рок нема да се разгледуваат.

IX. Отварањето на сите навреме поднесени пријави ќе се одржи **на 28.02.2020г. (петок) во 16,30 часот во просториите на општина Радовиш.**

X. По доделувањето на линијата на превозниците ќе им се издаде Дозвола и возен ред .

Дата 07.02.2020 година
Радовиш

Комисија за јавна безбедност,
безбедност во сообраќајот и
противпожарната заштита
Претседател
Горан Поцев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
"СОВЕТ НА ОПШТИНАТА"
ОПШТИНА РАДОВИШ